Врз основа на Решение за акредитација бр.14-9417/3 од 27.07.2021 год. (Министерство за образование и наука), Правилникот за начинот и условите на следењето на наставата и полагањето на испитите за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка објавен во („Службен весник на РМ“ бр. 56 од 27 март 2014 година) и Правилникот за условите, постапката и правилата на студирање на програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко -психолошка и методска подготовка на Факултетот за образовни науки, Универзитетот„ Гоце Делчев“ –Штип, објавува:

**КОНКУРС ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СТРУЧНО И ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА И МЕТОДСКА ПОДГОТОВКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ при УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП во ЗИМСКИ СЕМЕСТАР, УЧЕБНАТА, 2025/2026 ГОДИНА**

Право на упис на оваа програма имаат сите кандидати кои завршиле дипломски студии со освоени (240ЕКТС) на други факултети (ненаставна насока), а се вработиле како наставници или сакаат да се вработат како наставници во основно и средно образование.

Програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко -психолошка и методска подготовка (настава и практичната настава) се организира во траење од 1 (еден) семестар, според критериумите на ЕКТС.

Трошоците за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) изнесуваат 250 евра во денарска противвредност.

**Рокови за пријавување и запишување:**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите се врши во следните термини:

| | |
|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | **25 – 29 август 2025** |
| **Одлука за прием** | **1 септември 2025** |
| **Запишување на кандидатите** | **02 – 05 септември 2025** |
| **Приемен ден*** | **13.09.2025 во 10 часот** |

*Присуството е задолжително

**Документи за пријавување и запишување:**

**При пријавувањето, кандидатите ги поднесуваат следните документи:**

1. Пријава со потврда за уплатени 50 денари за административна такса;
2. Диплома за завршено високо образование (оригинал или заверена на нотар);

3. Извод од матичната книга на родените (оригинал или заверена на нотар);
4. Доказ за државјанство на РМ (Уверение, оригинал или заверена на нотар);

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:**

1. Индекс
2. Две фотографии (3,5 x 4,5 см.)
3. Пријавни листовисо потврда за уплатени 2x50 денари за административна такса
4. Потврда за уплатени средства во висина од 250 евра во денарска противвредност, на жиро сметката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

*На кандидатите кои се стекнале со педагошка доквалификација – наставнички компетенции после 15.02.2013 година им се признаваат сите наставни и практични активности кои се компатибилни со новоакредитираната програма стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка.